Вест: 23.04.2012год.

МОБ ГОСТУВАШЕ ВО БИТОЛА СО "ВРАТИ"

# Битолчани жедни за балет

Со модерниот балет "Врати", кореографија на Олга Панго, режија на Наташа Поплавска, Македонската опера и балет, по неколкугодишна пауза, викендов гостуваше во Битола. Балетската претстава беше изведена во големата сала на Центарот за култура, пред полна сала публика, која коментираше дека нема можност често да ужива гледајќи балет и дека е жедна за тоа.



Фото: Н. Николовска

*Во "Врати" играат: Наташа Николова, Драган Кочовски, Билјана Пашариковска, Маја Митровска, Лиле Миленковска, Марина Ѓеоргиевска, Стефан Кочевски и Агим Бафтии*

"Веруваме дека во иднина гостувањата ќе бидат зачестени. Битолчани сакаат балет и, иако станува збор за скап проект од домашна продукција, сепак, очекуваме Балетот, Операта и Филхармонијата почесто да ги има и на нашата, освен на матичната сцена", изјави Борче Димитровски, директор на ЦК во Битола.

Битолчани со громогласни аплаузи ја поздравија приказната за девојката која се вљубува во својот оженет сосед и поради таа љубов мора да напушти сè, дури и соседството во кое живее.

**(Н.Н.)**